Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став (1) точка 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 06/16, 53/16 и 189/16) и член 50 став (1) алинеја 4 и член 55 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), на седницата одржана на 14.02.2017 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и трговија со електрична енергија АЕГЕАН ПАУЕР ДОО Скопје, му престанува да важи лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија, издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-1 од 13.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/11), заради престанок на друштвото.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство и трговија со електрична енергија АЕГЕАН ПАУЕР ДОО Скопје со ЕМБС 6649645 и ЕДБ 40800105168828 е носител на лиценцата за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија, евидентен број ЕЕ- 68.10.1/11 издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 бр. 07-1 од 13.04.2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/11), како правен субјект е избришан во Централен регистер на Република Македонија на 29.03.2016 година.

Согласно член 50 став (1) алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) (во понатамошниот текст: Правилник) лиценцата може да престане да важи со престанување на правното лице.

Согласно член 55 од Правилникот важноста на лиценцата престанува доколку правното лице носител на лиценца биде избришано од Централниот регистар на правни лица, вршители на трговски дејности.

Регулаторната комисија на ден 16.09.2016 година изврши увид во Тековна состојба бр. 0805-50/155020160010356 од 16.09.2016 година на Друштвото за производство и трговија со електрична енергија АЕГЕАН ПАУЕР ДОО Скопје во која е наведено дека субјектот е избришан од Централниот Регистар на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 07-01**
**14.02.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**